РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: г-дин Васко Ефтов
Управител на ТВ АЛФА

г-ѓа Анкица Стојановска Митровска
програмски директор

Бр.03-3015/4

Скопје 04.07.2018 г.

Предмет: Известување за наоди од надзор реализиран врз основа на претставки

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги прими неколку претставки од гледачи за емисијата „Ѕвездите со Ѕвездана" со д-р Ѕвездана Георгиева, емитувана на ТВ Алфа. Најголем дел од претставките се однесуваат на јазикот на емитување на емисијата, а една од нив бара забрана за емитување на програмата и прашува дали јасновидката од Бугарија има лиценца за работа во Република Македонија. Во однос на последново, Агенцијата нема надлежности, но тоа секако е прашање што треба да го имате предвид.

Инаку, со вонредниот надзор на оваа емисија на ТВ АЛФА, реализиран на 26, 27 и 28 јуни 2018 година, го констатиравме следново:

- Во однос на јазикот на емитување, согласно член 64 од ЗААВМУ и дозволата за емитување на ТВ Алфа, програмата треба да се емитува на македонски јазик и кирилско писмо. Регулативата не предвидува експлицитно дали формата на преведувањето при емитување „емисии во живо" треба да биде симултан (едновремен) превод или консекутивен (последователен) превод, но потребно е да продолжите во настојувањето за доследен консекутивен превод на македонски јазик, со чести и прецизни титлувани парафразирања на јасновидката, затоа што д-р Ѕвездана Георгиева зборува на бугарски јазик;

- Во однос на правилата за заштита на малолетната публика, емисијата и нејзините промотивни најави се соодветно означени со сигнализацијата за заштита на малолетните лица и се емитуваат во соодветно време од денонокието;

- Во анализираните изданија, на крајот од емисијата, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелната содржина, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/ уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелното дело итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис во согласност со член 14 од Законот за медиуми;

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата „Панко Брашнаров"
ул. „Македонија" бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

- За време на емитувањето на емисијата забележано е повремено графичко појавување (*статичен телоп*) на приватниот (мобилен) телефонски број на јасновидката д-р Ѕвездана Георгиева, кое може да се толкува како – „прикриено рекламирање", посебно затоа што таа и усно го посочува како можност за приватен контакт (член 53 став 2 од ЗААВМУ).

Се надеваме дека емитувањето на програмата ќе го усогласите со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

по овластување на директорот

м-р Драгица ЉУБЕВСКА